НАЦИОНАЛНО БИРО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ
»NATIONAL INSURANCE BUREAU«
Бр. 0201-3684/1-2018
25.10.2018 год.
СКОПЈЕ - SKOPJE

Врз основа на член 30 став (1) точка 13 од Статутот на Националното биро за осигурување, Управниот одбор на Националното биро за осигурување на својата 27-та редовна седница , одржана на 25.10.2018 година, донесе

# КОДЕКС

## за однесување на друштвата за осигурување

## I. ОПШТ ДЕЛ

### Член 1

Со Кодексот за однесување на друштвата за осигурување (во понатамошниот текст: Кодекс) се утврдуваат и применуваат одредени правила на професионално однесување на друштвата за осигурување, нивните вработени лица, застапници во осигурувањето и други лица кои се во договорен однос со друштвата за осигурување кои се однесуваат на сите осигурувања кои се дефинирани во Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, а заради пазарно однесување и заштита на интересите на осигурениците и корисниците на осигурување.

### Член 2

Поаѓајќи од фактот дека конкуренцијата е основен принцип во пазарната економија, а имајќи го во предвид Законот за заштита на конкуренцијата (Сл.весник на РМ бр.145/2010, 136/2011, 41/2014, 53/2016 и 83/2018), кој претставува основна рамка со која се поставуваат основите на однесувањето на субјектите на пазарот на осигурување, друштвата за осигурување - членки на Националното биро за осигурување се должни:

1. Да ги почитуваат правилата на пазарна конкуренција врз основа на принципите на лојалност, деловен морал и етичко однесување во системот на осигурување.
2. Да се воздржуваат од дејствија спротивни на добрите деловни обичаи и начелата на совесност и чесност.
3. Да се воздржат од невистинити изјави во врска со деловното работење и споредување на цените и тарифите со другите друштва за осигурување.
4. Да се воздржат од омаловажување на конкуренцијата поврзани со личноста на сопственикот или лица одговорни за управување, застапување или надзор.

5. Да се воздржуват од употреба на користење на фирми или некоја друга ознака на конкуренцијата која би довела до забуна на осигурениците/корисниците на услугите на осигурување.
6. Да работат на база на меѓусебна доверба и заштита на правата, а во корист на осигурениците, почитувајќи ги начелата на осигурителната струка.
7. Меѓусебно да соработуваат и односите на нивните вработени лица да се базираат на начелата на професионалност.
8. При своето работење да обезбедуваат еднаков однос кон осигурениците и да овозможат услови за поедноставно и побрзо остварување на нивните права, и по можност правата да се остваруваат во вонсудска постапка.
9. Меѓусебните недоразбирања да ги решаваат по правило по мирен пат, со меѓусебен дијалог и почитување на правилата на деловно однесување.
10. Да ги почитуваат прописите од областа на задолжителното осигурување во сообраќајот и меѓународните договори.
11. Да ги почитуваат актите донесени од страна на Бирото.
12. Членките на Бирото се обврзуваат при интернет продажба на полиси за А/О да ги применуваат позитивните законски прописи и одлуките на органите на Бирото.

**Член 3**

Друштвата за осигурување не можат да склучуваат спогодби за затворање и поделба на пазарот заради исклучување на другите осигурувачи.

**Член 4**

Сите меѓусебни спорови кои ќе настанат помеѓу Бирото и членките, како и помеѓу членките на Бирото, првенствено да се решаваат по мирен и вонсудски пат, при што секое спорно прашање потребно е да се достави на разгледување до Бирото.

Секоја заинтересирана страна за вонсудско решавање на спорно прашање, потребно е да достави писмено образложение до Бирото.

Во случај спорот да не се реши по мирен пат согласно став (1) од овој член 4, спорот може да се решава пред Арбитражниот совет согласно Статутот на Националното биро за осигурување.

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

**Член 5**

Друштвата за осигурување се должни при усогласувањето на условите и тарифите на премии за задолжителните осигурувања, да постапуваат согласно позитивните законски и подзаконските акти.

### Член 6

Друштвата за осигурување се обврзуваат да ги почитуваат и применуваат сите домашни и странски договори, одлуки, услови и тарифи на премии кои се однесуваат на осигурувањата од автомобилска одговорност, кои се прифатени од страна на Бирото .

### Член 7

Друштвата за осигурување се обврзуваат да издаваат меѓународни зелени карти само на основа на матичните полиси за осигурување од автомобилска одговорност.

### Член 8

Регресните побарувања што едно друштво за осигурување ги има спрема друго друштво за осигурување, ќе се регулираат во вонсудска постапка, во рамките на правилата на меѓусебна доверба и почитување на угледот .

### Член 9

Друштвата за осигурување се должни:

1. Да ги прифаќаат услужните записници за извид и процена на штета на другите друштва за осигурување доколку се изработени согласно осигурителните стандарди и ценовници применливи во Република Македонија,
2. Доколку постои сомневање во поглед на степенот на оштетувањата, цените на резервните делови, пресметката на тотална штета или слично, друштвото за осигурување има право да бара детални објаснувања на постапката за процена на штета од другото друштво на осигурување.
3. Во случај кога учесници на една сообраќајна незгода се осигуреници на повеќе друштва за осигурување, а постои соодговорност на учесниците во истата, друштвата за осигурување се согласни пријавените штети односно оштетни побарувања, меѓусебно да ги решаваат.

### Член 10

Друштвата за осигурување меѓусебно ќе соработуваат на стручен, деловен и професионален план преку размена на искуства, оспособување и усовршување на кадрите кои се ангажирани во осигурувањето и ликвидацијата на штетите по автомобилска одговорност, размена на публикации, анализи и слично.

## III. НАДЗОР И МЕРКИ

**Член 11**

Бирото врши надзор над спроведувањето на Кодексот и превзема соодветни дејствија при утврдена повреда на начелата на Кодексот.

**Член 12**

Секоја членка на Бирото може да достави информација до Бирото за непочитување на Кодексот од друга членка на Бирото.

**Член 13**

Утврдување на повреда на Кодексот врши Дисциплинска комисија, која се формира од страна на Управниот одбор на Бирото.

**Член 14**

Дисциплинската комисија ја сочинуваат тројца членови, од кои еден е претседател.

За одлучување по секој предмет, се избира нова Дисциплинска комисија од три членови.

**Член 15**

Надлежноста, составот и организацијата на Дисциплинската комисија се регулира со посебен Правилник за работа на Дисциплинската комисија, донесен од Управниот одбор на Националното биро за осигурување.

За работата во Дисциплинската комисија членовите добиваат надомест кој го одредува Управниот одбор на Бирото.

**Член 16**

Управниот одбор на Бирото на предлог на Дисциплинската комисија ги изрекува следните мерки односно санкции:

- опомена;
- јавна опомена со објавување во публикациите на Бирото и на членките;
- изрекување на парична глоба;
- предлог до Собранието за исклучување на членката.

**Член 17**

Против одлуката на  Управниот одбор на Бирото може да се поднесе жалба до Собранието на Бирото.

Одлуките на Собранието се конечни .

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 18**

Одредбите од овој Кодекс се задолжителни за друштвата за осигурување - членки на Бирото .

**Член 19**

Кодексот се смета за усвоен и влегува во сила кога ќе биде потпишан од сите друштва за осигурување-членки на Бирото.

**Член 20**

Постапката за измена и дополнување на Кодексот е истоветна како и постапката за донесување на истиот.

**Член 21**

Бирото и друштвата за осигурување - негови членки се во обврска за одредбите од Кодексот да ги известат своите вработени или други физички и правни лица кои вршат осигурителни работи во име и за сметка на друштвата за осигурување , на погоден начин .

**Скопје, 25.10.2018 год**

**Потписници на Кодексот :**

А.Д за осигурување МАКЕДОНИЈА Виг - Бошко Андов

АД за осигурување ТРИГЛАВ - Ѓорѓе Војновиќ

ЕВРОИНС ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје- Ралица Губерова

________________________________

АД за осигурување САВА - Ило Ристовски

________________________________

АД за осигурување ВИНЕР- Зоран Нарашанов

________________________________

АД за осигурување ЕУРОЛИНК - Марија Томеска

________________________________

АД за осигурување ЕУРОСИГ – Гезим Тола

________________________________

АД за осигурување УНИКА – Билјана Стојанов

________________________________

АД за осигурување
ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА- Владимир Тошевски

________________________________

АД за осигурување Нова - Исни Абази

________________________________

АД КРОАЦИЈА осигурување неживот -Гоце Вангеловски

________________________________